**1.Дали во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година имате реализирано вработувања на определено време?**

-Во бараниот период во Министерството за одбрана не се реализирани вработувања на определено време.

Вработувањата на определено време, кои се однесуваат на пополнување на работни места посебен советник согласно член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор кој утврдил дека раководното лице на институцијата во јавниот сектор може да пополни работно место преку склучување на договор за вработување на определено работно време заради пополнување на посебни работни места во кабинетите односно три работни места на посебни советници во кабинетот на министерот за одбрана како што е пропишано со истиот член заради бројноста на вработените во министерството која изнесува над 100 вработени, упатуваме дека:

Овие работни места ( 3 посебни советници) се вработени по пат на јавен оглас во 2020 година и нивниот ангажман кој е врзан со мандатот на министерот продолжуваат и во 2021 година, со исклучок на еден посебен советник чиј договор е прекинат со 01.12.2021 година поради засновање на работен однос на неопределено време во Министерството за одбрана по спроведена постапка по јавен оглас.

**2.Ако има лица вработени на определено време дали истите се вработени по претходно објавен јавен оглас и кои критериуми/услови требале да ги исполнат?**

-Како што упативме погоре, во дадениот период не се реализирани вработувања на определено време.

**3.Дали во Вашата институција има лица ангажирани на определено време преку агенции за привремени вработувања и дали за нивното ангажирање е објавен јавен оглас?**

Согласно Законот за приватни агенции за вработување, Приватна агенција за вработување е правно лице, кое во согласност со закон врши привремени вработувања и/или посредување за вработување со наплата, додека работодавач корисник е правно или физичко лице за кого и под чиј надзор и раководење работи привремениот агенциски работник. Привремен агенциски работник е работник кој врз основа на склучен договор за вработување со приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања, е отстапен на привремена работа кај работодавач корисник да работи под негов надзор и раководење.

Министерството за одбрана по спроведена постапка согласно Законот за јавните набавки, има склучено Договор за јавна набавка на услуги бр.18/3-330/12 од 13.05.2022 година со Приватна агенција за вработување ЕСИ од Скопје од каде во моментот, отстапени на работа во министерството се 37 лица кои се ангажирани согласно потребите на организциските единици, притоа исполнувајќи ги условите од Правилникот за систематизација на работните места.

За оваа намена односно ангажманот на овие лица добиени се финансиски согласности од страна на Министерството за финансии со известувања бр.18-12134/2 од 05.01.2022 година, **бр.18-3653/2** од 07.04.2022 година и бр.18-6551/2 од 30.06.2022 година, дека во Буџетот на Министерството за одбрана обезбедени се финансиски средства за тековната фискална година.